Влада на Република Северна Македонија

# Министерство за енергетика рударство и минерални суровини

## КОРЕСПОДЕНТНА ТАБЕЛА

## ФОРМУЛАР ЕУ-МК

**CELEX Број на прописот на ЕУ: 32011R1227**

**Наслов и број на Службен весник на Европската унија:** Регулатива (ЕУ) бр. 1227/2011 на Европскиот Парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за интегритетот и транспарентноста на пазарите на големо за енергија

Службен Весник на Европската унија L 326/1

**Наслов на пропис на ЕУ на англиски јазик:** REGULATION (EU) No 1227/2011 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 25 October 2011 on wholesale energy market integrity and transparency

Official Journal of the European Union L 326/1

| | Назив на националните правни прописи во кои се транспонира прописот на ЕУ (кратенка) | ЕПП бр. на националните правни прописи | Дали е нацрт пропис или донесен пропис (доколку е донесен пропис се пополнува последната колона) | Број на Службен весник на Република Северна Македонија (бр./година со 4 цифри) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Предлог на Законот за енергетика (ПЗЕ) | 2019.0400.7894 | нацрт пропис | | |

Датум на изработка 28.03.2025

Одговорно лице: Валентина Старделова, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

Верзија 1

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на член | Член | Наслов на националниот правен пропис (кратенка на националниот правен пропис) | Број на член | Член на националниот правен пропис | Дали е целосно усогласен (потполно, делумно, не се транспонира, не е релевантно за РМ, дискрециона одредба) | Ако не е целосно усогласен, како ќе се изврши транспонирањето | Планиран рок за целосно усогласување | Забелешка |
| Член 1 став (1) | Оваа регулатива утврдува правила со кои се забрануваат недозволиви практики на злоупотреба на пазарот на енергија на големо кои се кохерентни со правилното функционирање на пазарите на енергија на големо, при што се земаат предвид нивните специфични карактеристики. Регулативата овозможува следење на пазарите на енергија на големо од страна на Националните регулаторни тела. | | | | Не е релевантно за РСМ | | | Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија |
| Член 1 став (2) | Оваа регулатива се применува за тргување со производи на пазарите на енергија на големо. Оваа регулатива не е во спротивност со примената на националните закони за конкуренција, како и законите за конкуренција на Енергетската заедница за практиките опфатени со оваа регулатива. | | | | Не е релевантно за РСМ | | | Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Член 1 став (3) | Националните регулаторни тела и, кога е соодветно, националните органи за конкуренција и другите релевантни национални институции треба да соработуваат за да обезбедат преземање на координиран пристап за спроведување на релевантните правила кога дејствијата се однесуваат на еден или повеќе производи на пазарите на енергија за кои се однесуваат членовите 3, 4 и 5 од оваа регулатива | ПЗЕ | Член 55 став (3) | Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон | |
| Член 2 став 1 точка 1 | (1) „внатрешна информација“ е детална информација што не е изнесена во јавноста, која е директно или индиректно поврзана, со еден или повеќе енергетски производи на пазарите на големо и која, ако е јавно објавена, најверојатно значително би влијаела врз цените на тие енергетски производи;<br>За целите на оваа дефиниција, терминот ‘информација’ значи:<br>(а) информации за кои што се бара да бидат јавно објавени во согласност со регулативата (ЕК) 714/2009, вклучувајќи упатства и мрежни правила според таа регулатива. | ПЗЕ | член 3 точки 21 и 148 | 21. „внатрешна информација“ е прецизна информација што не е јавно објавена и е директно или индиректно поврзана со еден или повеќе енергетски производи на пазарите на големо и која, ако се објави, би влијаела врз цените на тие енергетски производи, при што за целите на оваа дефиниција информација претставува:<br>20.1.информација што треба да биде објавена во согласност со овој закон и со прописите и другите акти донесени или | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (b) информации поврзани со капацитетот и употребата на објекти за производство, складирање, потрошувачка или пренос на електрична енергија или природен гас или поврзани со капацитетот и употребата на објекти за течен природен гас, вклучувајќи ги планираните или непланираните испади на овие објекти;<br>(c) информации за коишто постои обврска да бидат јавно објавени во согласност со обврски од закони, подзаконски акти или регулативи на ниво на Енергетската заедница или на национално ниво, пазарните правила, како и договорите или вообичаените пракси на соодветните пазари на енергија и кои што можат да имаат значајно влијание врз големопродажните цени на енергетските производи; и<br>(d) останати информации коишто разумните учесници на пазарот би ги користеле како основа за одлуки за тргување, или издавање на налози за тргување со производи на пазарите на енергија на големо. | | | одобрени согласно со овој закон или<br>20.2. информација поврзана со капацитетите и користење на објектите за производство, складирање, потрошувачка или пренос на електрична енергија или гас, вклучувајќи ги планираната или непланираната недостапност на овие објекти или<br>20.3. информација што мора да биде јавно достапна во согласност со обврските утврдени во овој закон и со прописите и другите акти донесени или одобрени согласно со овој закон, договорите или вообичаените практики на соодветниот пазар на енергија на големо, ако можат да имаат значително влијание врз цените на енергетските производи на пазарот на големо или<br>20.4. други информации што учесниците на пазарот би ги користеле како основа за одлуки за тргување и давање | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Информацијата ќе се смета за детална ако укажува на веќе настанати околности или околности коишто е веројатно да се случат, или на постоен настан или настан за кој е веројатно да се случи и ако таа информација е доволно детална за да се утврди можното влијание на тие околности или на тој настан врз цените на енергетските производи на пазарите на големо. | | | налог за тргување со енергетски производи на пазарите на големо;<br>148. „прецизна информација“ е информација која упатува на збир од околности или настани коишто постојат или се очекува да настанат или да се случат и е доволно детална за да овозможи донесување заклучок за влијанието на тие околности или настани врз големопродажните цени на енергетските производи | | | | |
| Член 2 став 1 точка 2 | (2) „пазарна манипулација“ значи:<br>(а) вклучување во трансакција или налог за тргување на пазарите на енергија на големо што:<br>(i) дава или е веројатно дека ќе даде лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на производите на пазарите на енергија на големо;<br>(ii) обезбедува или се обидува да обезбеди, преку лице или лица коишто делуваат заедно, вештачко ниво на цената на еден | ПЗЕ | Член 56 Став 2 | (2) Забранета е манипулација на пазарите на големо со енергетски производи, при што за манипулација се смета:<br>1. вршење на каква било трансакција или давање на каков било налог за тргување со енергетски производи на пазарот на големо, со кои:<br>1.1.се дава или е веројатно дека ќе се дадат лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | или повеќе производи на пазарите, освен ако се утврди дека причините за постапувањето на лицето кое учествувало во трансакцијата или издало налог за тргување се легитимни и дека тие трансакции се во согласност со прифатените практики на пазарите; или<br>(iii) вклучува или се обидува да вклучи фиктивен план или инструмент или било која друга форма на измама која дава или е веројатно дека ќе даде лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на производите; или<br>(b) ширење на информации преку медиуми, Интернет или на било кој друг начин, кој дава или е веројатно дека ќе даде лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на производите, вклучувајќи го и ширењето на гласини и лажни или погрешно наведувачки вести, каде лицето кое врши ширење знае или треба да знае дека информацијата е лажна. | | | или за цената на енергетските производи на пазарот на големо;<br>1.2.со помош на едно лице или во соработка на повеќе лица се обезбедува или се прави обид да се обезбеди вештачко поставување на цената на еден или на повеќе енергетски производи на пазарот на големо, освен ако лицето кое ја спровело трансакцијата или го издало налогот за тргување докаже дека има легитимни причини за тоа и дека трансакцијата или налогот за тргување е во согласност со прифатените практики на соодветниот пазар на енергетски производи на големо или<br>1.3.се користи или се обидува да се користи фиктивно средство или кој било друг облик на измама или измислица кој дава, или е веројатно дека ќе даде лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или за цените на енергетските производи на пазарот на големо или | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кога информацијата се шири за цели на новинарство или уметничко изразување ваквото ширење на информации треба да се проценува со земање предвид на правилата за слобода на печатот и слобода на изразување во медиумите, освен ако:<br>(i) лицата директно или индиректно се стекнуваат со предност или профит од ширењето на таа информација; или<br>(ii) објавувањето и ширењето е направено со намера да се врши погрешно наведување на пазарот од аспект на понудата, побарувачката или цените на производите. | | | 1.4.ширење информации преку медиуми, интернет или на кој било друг начин, кои даваат, или е веројатно дека ќе дадат лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или за цените на енергетските производи на пазарот на големо, вклучително и ширење гласини или лажни или погрешно наведувачки вести ако лицето кое ги шири знаело или требало да знае дека информациите се лажни или погрешно наведувачки. | | | | |
| Член 2 став 1 точка (3) | обид за манипулирање на пазарот“ значи:<br>(a) вклучување во трансакција или издавање на налог за тргување или преземање на други активности кои се однесуваат на производи на пазарите на енергија на големо со намера за:<br>(i) давање на лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на производите; | ПЗЕ | Член 56 став 3 | (3) Забранет е обид за манипулација на пазарот на големо со енергетски производи, при што за обид за манипулација се смета:<br>1. вршење каква било трансакција, давање каков било налог за тргување или преземање на каква било друга мерка, која се однесува на одреден енергетски производ на пазарот на големо, со намера за: | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (ii) доведување на цената на еден или повеќе производи на вештачко ниво, освен ако се утврди дека причините за постапувањето на лицето кое учествувало во трансакцијата или издало налог за тргување се легитимни и дека тие трансакции се во согласност со прифатените практики на пазарите; или<br>(iii) вклучување или обид за вклучување на фиктивен план или инструмент или друга форма на измама, која дава или е веројатно дека ќе даде погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на производите на пазарите на големо; или<br>(b) ширење на информации преку медиуми, Интернет или на друг начин, со намера за давање на погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цените на производите на пазарите на големо; | | | 1.1.давање лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или цената на енергетските производи на пазарот на големо;<br>1.2.вештачко поставување на цената на еден или повеќе енергетски производи на пазарот на големо, освен ако лицето кое ја спровело трансакцијата или го издало налогот за тргување докаже дека има легитимни причини за тоа и дека трансакцијата или налогот за тргување е во согласност со прифатените практики на соодветниот пазар на големо со енергетски производи или<br>1.3.користење фиктивно средство или кој било друг облик на измама или измислица, кој дава или е веројатно дека ќе даде лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или за цените на енергетските производи на пазарот на големо или<br>2. ширење информации преку медиуми, интернет или | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на кој било друг начин, со намера давање лажни или погрешно наведувачки сигнали за понудата, побарувачката или за цените на енергетските производи на пазарот на големо. | | | | |
| Член 2 став 1 точка 4 | (4)„производ на пазарот на енергија на големо“ ги опфаќа следните договори и деривативи независно каде и како се тргувани:<br>(a) договори за снабдување со електрична енергија или природен гас каде доставата е во земја потписник на Договорот за Енергетската заедница;<br>(c) договори кои се однесуваат на пренос на електрична енергија или природен гас во земјите потписнички на Договорот за Енергетската заедница;<br>(d) договори за снабдување и дистрибуција на електрична енергија или природен гас за употреба од крајни корисници кои не се производи на пазарот на енергија на големо. По исклучок, договорите за снабдување со електрична енергија или природен гас на крајни корисници со | ПЗЕ | Член 3 Точка 58 | 58. „енергетски производ на пазарот на големо“ е договор или дериватив, без оглед на местото и начинот на тргување за снабдување или пренос на електрична енергија или гас кога испораката или преносот се врши на територијата на Република Северна Македонија или на територијата на договорна страна на Енергетската заедница или на држава-членка на Европската Унија, при што договорите за снабдување и дистрибуција на електрична енергија или гас за крајните потрошувачи не се сметаат за енергетски производи на пазарите на големо, освен договорите за снабдување на крајни потрошувачи со капацитет на потрошувачка еднаква или | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | потрошувачки капацитет поголем од прагот дефиниран во вториот параграф од став (5) треба да бидат третирани како производи на пазарот на енергија на големо. | | | поголема на потрошувачката определена во овој закон; | | | | |
| Член 2 став 1 точка (5) | (5) „потрошувачки капацитет“ се однесува на потрошувачката на краен корисник на електрична енергија или природен гас при целосно искористување на капацитетот за производство на корисникот. Тој се состои од целата потрошувачка на корисникот гледан како единствен економски субјект, се додека потрошувачката се задоволува со набавки на пазари на големо со взаемно зависни цени.<br>За целите на оваа дефиниција, потрошувачката на одделни постројки кои се управувани од еден економски субјект којшто има потрошувачки капацитет под 600 GWh годишно не се земаат предвид ако овие постројки не вршат заедничко влијание на цените на пазарите затоа што постројките географски се лоцирани во различни пазари; | ПЗЕ | Член 56 Став 4 Точка 5 | 5. потрошувачите што имаат капацитет на потрошувачка на електрична енергија или гас при целосна искористеност на сите производствени капацитети на потрошувачот, која е еднаква или поголема од 600 гигават часови (во натамошниот текст: GWh) за период од една календарска година и ја вклучува вкупната потрошувачка на тој потрошувач како посебен економски субјект, под услов потрошувачката да се одвива на пазари со поврзани големопродажни цени, при што не се зема предвид потрошувачката на индивидуалните постројки под контрола на еден економски субјект со капацитет на потрошувачка помал од 600 GWh годишно, ако тие постројки се наоѓаат на | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | различни релевантни географски пазари и поради тоа немаат заедничко влијание на цените на енергетските производи на пазарот на големо | | | | |
| Член 2 став 1 точка (6) | 6) „пазар на енергија на големо“ значи секој пазар во земјите потписнички на Договорот за Енергетската заедница на кои се тргува со производи на пазарот на енергија на големо; | ПЗЕ | Член 3 Точка 135 | 135. „пазар на енергија на големо“ е секој пазар во договорна страна на Енергетската заедница или во држава-членка на Европската Унија на кој се тргува со енергетски производи на големо; | Потполно усогласен | | | |
| Член 2 став 1 точка (7) | (7) „учесник на пазарот“ е секое лице, вклучувајќи и операторите на преносен и дистрибутивен систем, кое е учествува во трансакции, вклучително и налози за тргување, во еден или повеќе пазари на енергија на големо; | ПЗЕ | Член 3 Точка 223 | 223. „учесник на пазарот“ е лице кое купува и/или продава, директно или преку посредник, електрична енергија или гас на еден или повеќе пазари, вклучително и пазари на балансна енергија и системски услуги, кое произведува електрична енергија или гас, кое тргува или снабдува со електрична енергија или гас или кое троши електрична енергија или гас за | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | свои потреби, кое е ангажирано во агрегација или кое нуди услуги на складирање на енергија или гас или управување преку побарувачката или е оператор на услуги за одговор на побарувачката или складирање енергија, вклучително и преку поставување налози за тргување; | | | | |
| Член 2 став 1 точка (8) | (8) „лице“ значи секое физичко или правно лице; | ПЗЕ | Член 3 точка 95 | 95.„лице“ е физичко лице, како и правно или физичко лице регистрирано во соодветниот регистар во Република Северна Македонија; | Потполно усогласен | | | |
| Член 2 став 1 точка (9) | (9) надлежен финансиски орган“ е надлежен орган одреден во согласност со постапката утврдена во член 11 од Директивата 2003/6/ЕЗ; | | | | Не е релевантно за РСМ | | | Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија |
| Член2 став 1 точка (10) | (10)„национално регулаторно тело“ е национално регулаторно тело назначено во согласност со член | ПЗЕ | Член 46 | (1)Регулаторната комисија за енергетика е самостојно и единствено регулаторно тело | Потполна усогласеност ќе се постигне со | во рок од девет месеци од денот на | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 35 (1) од Директивата 2009/72/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година во врска со заедничките правила за внатрешниот пазар на електрична енергија или член 39 (1) од Директивата 2009/73/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година во врска со заедничките правила за внатрешниот пазар на природен гас; | | | кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон, како и други дејности утврдени со закон. | донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | влегувањето во сила на овој закон | | |
| Член 2 став 1 точка (11) | (11)„оператор на преносниот систем“ го има значењето утврдено во точка 4 од член 2 од Директивата 2009/72/ЕК и во точка 4 од член 2 од Директивата 2009/73/ЕК; | ПЗЕ | Член 3 точка 122 | 122. „оператор на електропреносен систем“ е друштво коешто врши дејност пренос на електрична енергија, управува со електропреносниот систем во Република Северна Македонија и е одговорно за сигурна и стабилна работа на системот, неговото одржување, развојот и поврзувањето со електроенергетските системи на соседните држави; | Потполно усогласен | | | |
| Член 2 став 1 точка (12) | (12)„матично друштво“ значи матично друштво во смисла на членовите 1 и 2 од седмата Директива на Советот 83/349/ЕЕЗ | | | | Не е релевантно за РСМ | | | Оваа дредба се однесува на |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од 13 јуни 1983 година врз основа на член 54 (3) (е) од Договорот за консолидирани сметки; | | | | | | | земјите членки на Европската Унија |
| Член 2 став 1 точка (13) | (13)„поврзано друштво“ значи или подружница или друго претпријатие во кое се одржува учество, или друштво поврзано со друго претпријатие со врска во смисла на член 12 (1) од Директивата 83/349/ЕЕЗ; | ПЗЕ | Член 3 точка 147 | 147,„поврзани друштва” се поврзани друштва во согласност со Законот за трговските друштва; | Потполно усогласен | | | |
| Член 2 став 1 точка (14) | (14)„дистрибуција на природен гас“ го има значењето утврдено во став (5) од член 2 од Директивата 2009/73/ЕК; | ПЗЕ | Член 3 точка 37 | 37„дистрибуција на гас“ е транспорт на гас низ систем за дистрибуција на гас, и управување со систем за дистрибуција на гас заради испорака на гас на потрошувачите, не вклучувајќи снабдување со гас; | Потполно усогласен | | | |
| Член 2 став 1 точка (15) | (15)„дистрибуција на електрична енергија“ го има значењето утврдено во став (5) од член 2 од Директивата 2009/72/ЕК. | ПЗЕ | Член 3 точка 38 | 38.„дистрибуција на електрична енергија“ е пренесување и испорака на електрична енергија преку високонапонски, | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | среднонапонски и нисконапонски електродистрибутивни мрежи и управување со електродистрибутивниот систем на определено подрачје, не вклучувајќи снабдување со електрична енергија; | | | | |
| Член 2 став 1 точка (16) | (16)„осетлива информација поврзана со критична инфраструктура“ означува факти (информации) за критичната инфраструктура, кои ако се обелоденат можат да се искористат за планирање и дејствување со намера да се предизвика прекин или уништување на инсталациите на критичната инфраструктура | | | | Не е релевантно за РСМ | | | Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија |
| Член 2 став 1 точка (17) | (17)„критична инфраструктура“ е ресурс, систем или дел од систем лоциран во земја потписник на Договорот на Енергетската заедница којшто е од суштинско значење за одржување на виталните функции на општеството, здравството, сигурноста, безбедноста, економската или социјална благосостојба на луѓето и чие нарушување или уништување | | | | Не е релевантно за РСМ | | | Оваа дредба се однесува на земјите членки на Европската Унија |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | има значајно влијание во земјите потписнички на Договорот на Енергетската заедница, како резултат на неисполнувањето на тие функции; | | | | | | | |
| Член 3 став (1) | (1) На лицата кои поседуваат внатрешна информација поврзана со производ на пазарот на енергија на големо им се забранува:<br>(а) користење на таа информација при директно или индиректно стекнување или отуѓување, или при обид за стекнување или отуѓување, на своја сметка или за сметка на трета страна, директно или индиректно, на производи кои се поврзани со информацијата;<br>(b) откривање на таа информација на друго лице, освен ако тоа откривање е во рамките на извршувањето на стандардните задачи кои се дел од професионалните должности на лицето како вработен;<br>(c)препорачување/поттикнување или влијаење на друго лице да се стекне со или отуѓи од производ на пазарите на енергија на големо на кој се однесува внатрешната информација. | ПЗЕ | Член 56 Став 1 Точка 1, 2 и 3 | Забрането е тргување засновано на внатрешни информации, односно лицата кои поседуваат внатрешни информации во врска со енергетски производ на пазарот на големо не смеат да:<br>1. ги користат внатрешните информации при купување или продажба или обид за купување или продажба, за своја сметка или за сметка на трета страна, директно или индиректно, на енергетски производи на пазарот на големо на кои се однесуваат тие информации;<br>2.да ги обелоденуваат внатрешните информации на кое било друго лице, освен ако таквото обелоденување се врши во текот на вообичаеното вршење на нивната дејност, професија или должност и<br>3.да му препорачуваат или да наведуваат друго лице, врз основа на внатрешните | Потполно усогласен | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | информации, да купи или да продаде енергетски производ на пазарот на големо на кој се однесува информацијата. | | | | |
| Член 3 став (2) | (2) Забраната од ставот (1) од овој член се однесува на следните лица кои поседуваат внатрешна информација која се однесува на производ на пазарите на енергија на големо:<br>(a) членови на административни, управни или надзорни одбори на претпријатието;<br>(b) лица кои поседуваат акции или удели во претпријатието;<br>(c) лица кои имаат пристап до внатрешната информација при извршувањето на стандардните задачи кои се дел од професионалните должности на лицето како вработен;<br>(d) лица кои ја стекнале информацијата на нелегален начин;<br>(e) лица кои знаат или се должни да знаат, дека се работи за внатрешна информација. | ПЗЕ | Член 55 Став 3 и 4 | (3) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.<br>(4)Врз основа на податоците и информациите добиени од следењето на состојбите на пазарите на енергија во Република Северна Македонија, Регулаторната комисија за енергетика воспоставува и одржува база на податоци потребни за следење на функционирањето на пазарите, подготвува и објавува препораки во однос на усогласеноста на цените на пазарна основаи извештај за состојбите и функционирањето на пазарите на енергија како составен дел од извештајот од членот72 од овој закон. | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овој закон | |
| Член 3 став (3) | (3) Точките (a) и (c) од ставот (1) од овој член не се применуваат кога операторите на преносните | ПЗЕ | Член 127 Став 8 | (8)Заради обезбедување оперативна сигурност и ефикасно функционирање на | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се | во рок од девет месеци | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | системи купуваат електрична енергија или природен гас за се обезбеди безбедна и сигурна работа на системот според нивните обврски од точките (d) и (e) од член 12 од Директивата 2009/72/ЕК или точките (a) или (c) од член 13(1) од Директивата 2009/73/ЕК. | | | регионалниот пазар на услуги за балансирање врз основа на начелата на конкуренција, недискриминација и транспарентност во рамки на Енергетската заедница, операторот на електропреносниот систем соработува со другите оператори на електропреносни системи од договорните страни на Енергетската заедница и засегнатите држави-членки на Европската Унија. | | постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | од денот на влегување то во сила на овој закон | |
| Член 3 став (4) | (4) Одредбите од овој член не се применуваат за:<br>(a) трансакции кои се извршени при спроведување на обврска за стекнување или отуѓување на производ на пазарите на електрична енергија или природен гас, кога таа обврска произлегува од договор или нарачка за тргување склучени пред лицето да ја поседува внатрешната информација;<br>(b) трансакции во кои учествуваат производители на електрична енергија или природен гас или оператори на постројки за увоз на | ПЗЕ | Член 273 став 5 | (5)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за вршење на надзор, со кој поблиску се уредуваат подготовката и спроведувањето на надзорот<br>Член 56<br>(7)Доколку лицето кое во рамките на вршењето на својата дејност посредува во договарање трансакции со енергетски производи на пазарите на енергија на големо се сомнева дека определена трансакција може да претставува тргување | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегување то во сила на овој закон | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | течен природен гас кои се со цел да се покрие ненадејна физичка загуба која е резултат на непланирани испади, каде нивното неизвршување ќе предизвика учесникот на пазарот да не ги исполни постоечките договорни обврски или каде оваа акција се презема во договор со вклучените оператор/и на преносен систем со цел да се обезбеди безбедна и сигурна работа на системот. Во овој случај релевантните информации кои се однесуваат трансакциите треба да бидат пријавени во националното регулаторно тело. Оваа обврска не ја заменува обврската за објавување на податоците наведена во членот 4(1).<br>(c) учесници на пазарот кои делуваат во согласност со националните правила за итни случаи, каде националните регулаторни тела интервенираат за да обезбедат сигурност на снабдување со електрична енергија и природен гас и пазарните механизми се суспендирани во земја потписничка на Договорот за | | Член 56 Став 7<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Член 146 Став 3 и 5 | засновано на внатрешни информации, манипулација на пазар или обид за манипулација на пазар, е должно за тоа да ја извести Регулаторната комисија за енергетика.<br>Член 146 став 3 и 5<br>(3)Операторот на електропреносниот систем изготвува и по одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува план за заштита на системот и план за повторно воспоставување на системот, кој треба да е усогласен со мерките од плановите на останатите оператори од синхроната област континентална Европа.<br>(5)Во правилата за регистрација на учество на пазар на електрична енергија и уредување на пазарот на билатерални договори се уредува начинот, постапката и условите за суспендирање и повторно воспоставување на пазарните активности на пазарот во итни случаи, како и начинот, постапката и условите за пресметка на дебалансите и | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Енергетската заедница или делови од неа. Во овој случај надлежниот орган за планирање на итни случаи треба да обезбеди објавување на податоците во согласност со членот 4. | | | на соодветните финансиски трансакции од услугите за балансирање во случај на суспензија на пазарните активности. | | | | |
| Член 3 став (5) | (5) Кога лицето кое поседува внатрешни информации кои се однесуваат на производ на пазарите на енергија на големо е правно лице, забраните од став 1 од овој член исто така се однесуваат и на физичките лица кои учествуваат во носењето на одлуката за извршување на трансакцијата за сметка на (во име на) правното лице. | ПЗЕ | Член 273 Став 5 | (5)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за вршење на надзор, со кој поблиску се уредуваат подготовката и спроведувањето на надзорот | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегување ето во сила на овој закон | |
| Член 3 став (6) | (6) Кога се врши ширење (пренесување, дистрибуирање) на информации во новинарството или за уметничко изразување, таквото ширење на информации треба да биде проценето со земање предвид на правилата за слобода на печатот и слободно изразување во други медиуми, освен ако:<br>(а) лицата директно или индиректно изведуваат предност или профит | ПЗЕ | Член 273 Став 5 | (5)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за вршење на надзор, со кој поблиску се уредуваат подготовката и спроведувањето на надзорот | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегување ето во сила на овој закон | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од ширењето на таа информација;<br>(b) објавувањето и ширењето е направено со намера да се врши лажно наведување на пазарот од аспект на понуда, побарувачка или цена на производи на пазарите на електрична енергија или природен гас на големо. | | | | | | | |
| Член 4 став (1) | (1)Учесниците на пазарите на електрична енергија и природен гас на големо потребно е ефективно и навремено јавно да ги објават внатрешните информации кои ги поседуваат во однос на нивната дејност или објекти/постројки кои учесникот на пазарот или неговото матично друштво или подружница, ги поседува или управува или е делумно или целосно одговорен за управување. Ваквото објавување треба да вклучи информации за капацитетот и употребата на капацитети за производство, складирање, потрошувачка или пренос на електрична енергија и природен гас, или капацитет и употреба на постројки за течен природен гас, вклучително и планирани и | ПЗЕ | Член 273 Став 5<br><br>Член 56 Став 6 | (5)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за вршење на надзор, со кој поблиску се уредуваат подготовката и спроведувањето на надзорот<br>Член 56<br>(6) Учесниците од ставот (4) точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член, се должни да доставуваат извештаи до Регулаторната комисија за енергетика, како и да објавуваат внатрешни информации во однос на нивните капацитети и работење на пазарите на големо со енергетски производи | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | непланирани испади на објектите/постројките. | | | | | | | |
| Член 4 став (2) | (2) Учесник на пазарот може, под своја одговорност, да го одложи објавувањето на внатрешни информации така што да не биде во спротивност со неговите легитимни интереси, при што овој исклучок е малку веројатно дека ќе предизвика лажно наведување на јавноста, под претпоставка дека учесникот може да обезбеди доверливост на информацијата и дека не прави одлуки за тргување со производи на пазарите на електрична енергија и природен гас на големо според таа информација. Во овој случај учесникот на пазарот е потребно без одложување да ја достави таа информација до националното регулаторно тело, заедно со оправдување за одложувањето на јавното објавување на информацијата. | ПЗЕ | Член 55 Став 3<br><br>Член 273 Став 5 | (3)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија<br>(5)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за вршење на надзор, со кој поблиску се уредуваат подготовката и спроведувањето на надзорот | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| Член 4 став (3) | (3) Кога учесник на пазарот или лице кое е вработено или дејствува во име на од учесник на пазарот јавно објавува внатрешна информација која се однесува на производ на пазарите на енергија при извршувањето на вообичаените задачи кои се дел од професионалните должности на лицето, наведени во точката (b) од член 3(1), тој учесник на пазарот или лице треба да обезбеди симултано,целосно и ефективно објавување на внатрешната информација.Во случај на ненамерно објавување, кое не ги исполнува принципите на симултаност, целовитост и ефективност,учесникот на пазарот треба да обезбеди целосно и ефективно јавно објавување на внатрешната информација колку што е можно побрзо по ненамерното објавување.Овој став не се применува во случаите кога лицето кое ги прима информациите има должност за доверливост,без разлика дали таа должност потекнува од закон, подзаконски акт, регулатива или договор | ПЗЕ | Член 273 Став 5 | (5)Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за вршење на надзор, со кој поблиску се уредуваат подготовката и спроведувањето на надзорот | Делумно усогласен | Потполна усогласеност ќе се постигне со донесување на друг правен пропис од областа на енергетиката | во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
